ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Неприменување на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени/трансакции, неусогласености во финансиските извештаи кои потекнуваат од минати години, како и нецелосно извршен попис на средства, обврските и изворите на средствата.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црвено)

Изразивме неповолно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Евидентирање на деловните промени да се врши согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции. Усогласување на износите искажани во деловните книги со истите искажани во финансиските извештаи. Вршење на целосен попис и усогласување на средствата, обврските и изворите на средствата на 31 декември.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор при што оценето дека една забелешка не се прифаќа, а другата забелешка претставува образложение за констатираната состојба.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот на забелешките е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018